MACEDONIA 2025
Helping Build a Stronger Nation

# ДОСТИГНУВАЊА 2025

| 168 | 190 | 2.573 | 94 | 6 |
|---|---|---|---|---|
| Поддржани бизниси | Доделени стипендии | Поддржани лидери и таленти | Активни членови во нашите управни и советодавни тела | Клучни предлог-политики |

Во 2025 година, Македонија2025 ги унапреди повеќето свои стратешки иницијативи со кои значително го засили своето влијание дома и кон глобалната македонска заедница. Ја завршивме првата, досега најголема, **глобална анкета на дијаспората**, која обезбеди сеопфатни податоци за креирање политики засновани на докази и за подлабоко вклучување на дијаспората во економскиот и општествениот развој на Македонија.

Преку **Платформата за просперитетна иднина / Една визија за забрзан раст**, испорачавме серија стратешки предлози до Владата, насочени кон дигитализација, конкурентност, иновации, услуги за дијаспората и регулаторни подобрувања. Горди сме што дел од нашите препораки веќе се претворени во конкретни мерки и политики, додека другите, посложени реформи се во напредна фаза и се очекува реализација во 2026 година.

Истовремено, продолживме да инвестираме во развој на бизнис-заедницата и лидерството преку нашите главни програми: програмата за образование на извршни директори Зафировски, стипендиска програма за студентска извонредност „Атанас Близнакоф", програмата на семејството Битов за претприемништво, Лидер проектот и програмата за извршно образование во Канада, со кои им овозможуваме на професионалци и претприемачи да растат, да се развиваат и да водат со извонредност.

## Визија

Нашата визија е Македонија да стане водечка економија и најпросперитетна земја во регионот.

## Мисија

Нашата мисија е да ја обликуваме иднината на Македонија преку промовирање на одржлив економски раст што ќе ги подобри можностите за граѓаните, компаниите и странските инвеститори.



## СТОЛБ 1: Забрзување на растот и конкурентноста на македонските бизниси

**14-тиот годишен Самит Македонија2025** се осврна на клучните економски приоритети на земјата, собирајќи ги глобалните лидери да дискутираат за стратегиите за раст, странските инвестиции, образованието, трансформацијата на вештачката интелигенција и виталната улога на дијаспората во обликувањето на иднината на Македонија.

| 14 | 38 | 700+ | 80 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Панел сесии | Говорници од **15** земји | Учесници | B2B средби меѓу бизнис лидери | Настани за вмрежување | Обуки и работилници со **270+** учесници |

Канадски експерти го поддржаа растот и интернационализацијата на **4** македонски ММСП преку **програмата на семејството Битов за претприемништво** во партнерство со Catalyste+, додека **4** други поврзувања ќе се реализираат во 2026 година.

**27** млади менаџери и претприемачи го надградија своето бизнис знаење преку реномираната обука што ја спроведе канадската Ајви бизнис школа како дел од **програмата за развој на бизнис и претприемништво: проектот „Лидер“**, проширувајќи ја нашата мрежа на алумни на **451** лице.

Вкупно **553** професионалци и бизнис лидери учествуваа на **обуки, работилници и вебинари** на Македонија2025 во 2025 година, придонесувајќи за континуирано учење, иновации и градење капацитети на бизнис секторот.

**10** македонски компании соработуваа со меѓународни експерти преку онлајн платформата **Connect2MK**, добивајќи пристап до глобално знаење, менторство и специјализирана експертиза.

Преку **Центарот за дигитална трансформација - GoDigital**, ги поддржавме македонските компании во забрзувањето на нивната дигитална трансформација преку подобрување на капацитетите и зголемување на усвојувањето на дигитални алатки. Во 2025 година, подготвивме **30** проценки на дигитална зрелост, **15** дигитални стратегии и обезбедивме техничка и финансиска поддршка на **5** компании за имплементација на прилагодени дигитални решенија.

## СТОЛБ 2: Забрзување на развојот на лидерството и поддршка на млади таленти

**5** водечки македонски извршни директори дополнително ги унапредија своите лидерски и деловни вештини преку **програмата за образование на извршни директори Зафировски** на Келог школата за менаџмент на Универзитетот Нортвестерн, САД, со што мрежата на алумни достигна **51** членови.

**Зафировски алумните** активно учествуваа во активностите на Македонија2025 во текот на целата година, вклучително и во менторирање на млади таленти и поддршка на развојот на млади професионалци.

**5** стипендии беа доделени на македонски менаџери од средно ниво кои посетуваа обука на Смит бизнис школата при Универзитетот Квинс во Кингстон, Канада, надополнети со практично следење на работа на канадски компании. **Програмата за извршно образование во Канада** сега брои **37** алумни.

Вкупно **121** студенти добија стипендии преку **„Атанас Близнакоф“ стипендиската програма за студентска извонредност**, поддржана од Митре и Софи Кутановски преку Фондацијата „Атанас Близнакоф“. Оваа година, **75%** од стипендистите исто така добија персонализирано менторство од врвни македонски професионалци од нашата глобална мрежа, поддржувајќи го нивниот академски и кариерен развој.

**10** средношколци добија стипендии и персонализирано менторство преку **Фондот за поддршка на талентирани средношколци „Таленти денес - лидери утре“**.

**22** деца од дијаспората и од социјално ранливи групи во Македонија се приклучија на **Охрид кампот за високотехнолошка извонредност**, каде што учеа кодирање, роботика и иновации, истовремено градејќи врски помеѓу дијаспората и татковината.

Ја зајакнавме наставата по природни науки во основните училишта преку обука на **109** наставници по природни науки, доставување комплети за природни науки до **21** училиште и организирање на **3** регионални саеми за наука, во кои учествуваа повеќе од **970** ученици од основни училишта. Овие активности беа спроведени во партнерство со Програмата за влијание врз заедницата на Џонсон Мети **„Науката и јас“.**

Одржавме **4 обуки за градење капацитети** и **1 мастерклас фокусиран на STEAM**, опфаќајќи над **90** учесници преку експертски сесии и практични формати за учење.

Првите **4** победнички средношколски тимови на натпреварот **„Најдобар бизнис концепт за зелени иновации 2025“** добија финансиски награди, доделени од член на нашиот Одбор на директори, Крис Павловски.

## СТОЛБ 3: Градење силни партнерства и врски низ целиот свет

Ја зајакнавме нашата глобална заедница на поддржувачи: **3** нови членови се приклучија на **Одборот на директори** на Македонија2025, **5** професионалци од дијаспората се приклучија на **Советодавниот одбор** и **4** нови членови се приклучија на **Клубот на амбасадори**.

Одборот на директори на Македонија2025 одржа **состаноци на високо ниво** во Вашингтон за време на инаугуративната недела, на кои разговараше со премиерот Христијан Мицкоски и меѓународните партнери за економски раст, развој на бизнисот и глобална соработка.

Потпишавме **8 Меморандуми за разбирање** со домашни и меѓународни невладини организации, академски институции и деловни организации, проширувајќи го нашиот партнерски екосистем.

Членовите на нашиот Одбор, извршната директорка и вработените учествуваа на повеќе од **20 домашни, регионални и меѓународни конференции** на теми од клучно значење за нашата мисија и за развојот на земјата.

Заеднички доделивме **1 Признание за придонес на припадниците на дијаспората** со Кабинетот на Претседателот на Македонија, за исклучителниот придонес во областа на хуманитарната работа кон македонската заедница.

## СТОЛБ 4: Застапување за подобрување на македонската деловна средина

Нашата работа на **Платформата за просперитетна иднина / Една визија за забрзан раст** продолжи со полн интензитет во 2025 година, што резултираше со следниве клучни достигнувања:

- ја унапредивме националната реформска дебата преку подготовка на **6 клучни предлог-политики** во областите на дигитализација, односи и вклученост на дијаспората, конкурентност, научно-технолошки парк, високо образование, законска регулатива за странци и транспорт/логистика.
- го зајакнавме партнерството со Владата преку повеќе од **30 средби на високо ниво** со министерства и институции, фокусирани на дигитални јавни услуги, односи со дијаспората, иновации и подобрување на деловното опкружување и конкурентноста.
- го предводевме развојот на политики за дијаспората засновани на докази, преку дизајнирање и спроведување на **Анкетата за дијаспората 2025** (**1.400+** одговори) и интегрирање на добиените сознанија во новата Национална стратегија за соработка со дијаспората 2025–2030.
- во партнерство со Владата започнавме **комуникациска кампања „Македонска дијаспоро, добредојде дома“**, која опфати повеќе од **20.000** членови на дијаспората ширум светот.
- ја засиливме регионалната дигитална лидерска улога на Македонија преку поддршка на Западнобалканскиот дигитален самит 2025, обезбедувајќи техничко знаење, помагајќи во лансирањето на мобилната апликација за мрежно поврзување и промовирајќи ја Македонија како регионален центар за иновации и конкурентност.
- учествувавме во работните групи задолжени за изработка на **Националната стратегија за образование 2026–2032** и **Националната стратегија за соработка со дијаспората 2025–2030**.

Развивме **4 предлог политики засновани на податоци** кои се однесуваат на: Клучните двигатели на инфлацијата со предложени мерки; Платите во јавниот сектор; Подобрување на услугите за дијаспората преку дигитализација и даночни измени; и Возраст за пензионирање во Македонија, заедно со **7 месечни економски монитори** изработени со користење на податоци од базата со податоци на Македонија2025.

Објавивме и презентиравме **компаративен извештај** за колективното договарање во секторите за финансии, грижа, издаваштво и трговија, развиен преку проектот BARSERVICE - сеопфатна иницијатива насочена кон зајакнување на колективното договарање во секторот за услуги во 9 европски земји.

Подготвивме национална студија насловена **„Дијагностика на можностите за зелени работни места при праведна транзиција“**, финасирана од Меѓународната организација на трудот и спроведовме работилница со повеќе од **20** креатори на политики и синдикални лидери.

Членовите на нашиот Одбор и извршната директорка на Македонија2025 учествуваа во повеќе од **50 интервјуа и дебати** во пишаните и електронските медиуми, што резултираше со повеќе од **990 медиумски споменувања** на Македонија2025 во 2025 година.

### Се грижиме ♥

Организиравме ад-хок кампања за собирање средства како одговор на трагедијата во Кочани, со што собравме вкупно 55.356 евра, кои беа целосно наменети за основна медицинска опрема донирана на три медицински установи во Скопје и Кочани.

Како свој годишен проект, Клубот на амбасадори на Македонија2025 донираше 8.800 евра за поддршка на реновирањето на дел од детското одделение во Специјалната болница „Св. Еразмо“ во Охрид.

Во 2025 година, Македонија2025 ја зајакна својата улога како движечка сила на економскиот развој, унапредувањето на лидерството и глобалната поврзаност. Преку повеќе од 40 **влијателни програми и иницијативи**, ги поддржавме компаниите да растат, да иновираат и да бидат конкурентни; ги опремивме лидерите и младите таленти со образование и менторска поддршка од светска класа; и ја унапредивме дигиталната трансформација во македонските компании преку Центарот за дигитална трансформација - GoDigital. Го подигнавме нивото на научното и STEAM образованието за ученици и наставници низ целата земја, ги проширивме меѓународните партнерства и ја продлабочивме вклученоста на нашата глобална дијаспора - поткрепено со првото Глобално истражување за дијаспората. Нашиот 14-ти годишен Самит ги обедини глобалните и регионалните лидери околу заедничка визија за иднината на Македонија, додека нашата работа на креирање политики придонесе за обликување на националните реформи во областите дигитализација, конкурентност и човечки капитал. Оваа трансформативна 2025 година претставува доказ за нашата посветеност водена од **мисијата за градење попросперитетна, поиновативна и глобално поврзана Македонија.**

*www.macedonia2025.com*

*@macedonia2025*

*118.450+ прегледи на страница со 57.000+ активни корисници на нашата официјална веб-страница*
*32.960+ следбеници на нашите профили на социјалните медиуми*
*552% раст на дигиталниот досег*
*25,7% раст на контакти*